MACEDONIAN

dorevitch Pathology
A Symbion Health Limited company

SIEMENS

Incorporating Magstream Technology from: FUJIREBIO INC.

# NEW HEMTUBE(B)

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ПРОВЕРКА ЗА ОТКРИВАЊЕ РАК НА ДЕБЕЛОТО ЦРЕВО

## Упатство како да земете примерок за проверка

### Лесно е да се изврши оваа проверка.

Ве молиме одвојте време да ги прочитате упатствата и страниците 10-12 од Информативната книшка пред да го земете примерокот. Со тоа што ќе ги земате примероците во колку што е можно покуси временски растојанија, ќе ги чувате на соодветен начин и ќе ги испратите брзо на анализа, ќе осигурате дека вашиот резултат е најточен што може да биде.

### НЕМОЈТЕ да ги менувате начинот на исхрана или лековите.

Треба да земете само **мал** примерок, само да го намачкате врвот на стапчето за земање примерок. Примерок треба да земете од **два** посебни измета.

Вториот примерок треба да го земете колку што е можно поскоро после првиот, а по можност временското растојание да не биде поголемо од 2-3 дена. Ако одите по голема нужда повеќе од еднаш дневно, обата примерока можете да ги земете во истиот ден.

Примероците се испраќаат во патолошката лабораторија заради анализа, а писмо со резултатите ќе ви биде испратено вам и на вашиот лекар (ако сте го навеле).

## ПОДГОТОВКА

## Вашиот комплет за земање примерок треба да содржи:

1. Два листа за собирање на примероците
2. Две стапчиња за земање примерок – Во најлонско ќесе што се затвора со притискање (едно сино и едно црвено)
3. Две мали шишенца за ставање на примероците – Во најлонско ќесе што се затвора со притискање
4. Две налепници
5. Два големи затворачи за шишенцата за пакување
6. Еден плик за кој е платена поштарината (син)

**Вашиот комплет за покана** треба да содржи син **Формулар за поединости за учесникот - Participant Details Form** (или дел што може да се скине во дното на вашето писмо).

Ве молиме погрижете се поединостите во тој формулар да бидат точни. **Пополнете го формуларот и испратете го заедно со вашите примероци.**

## Немојте да земате примероци:

- Ако имате хемороиди (проширени вени на дебелото црево) што крварат.
- Ако имате менструација, ако сте имале менструација пред 3 дена или ако треба да добиете менструација за 3 дена.
- Ако имате крв во мочката или ако може да видите крв во клозетската школка – во таков случај треба да се јавите кај вашиот лекар.
- Ако сте имале некакво заболување на дебелото црево во последните 12 месеци од кое се лекувате – посоветувајте се со вашиот лекар ако не сте сигурни.
- Ако во скора иднина ви е закажана колоноскопија (преглед на дебелото црево со камера).

Specialist Diagnostic Services Pty Ltd, ABN 84 007 190 043 APA, trading as Dorevitch Pathology.

**За помош околу извршувањето на проверката, ве молиме телефонирајте на 1300 738 365 (по цена на локален телефонски повик) меѓу 9 часот претпладне и 5 часот попладне по австралиско источно стандардно време, од понеделник до петок**

# КАКО ДА ГИ ЗЕМЕТЕ ПРИМЕРОЦИТЕ

## Земање на првиот примерок

1. **Одете по мала нужда, а потоа пуштете вода во клозетот.**

2. **Ставете го листот за собирање на примерокот, <u>со испечатената страна нагоре</u>, на површината на водата во клозетската школка.** Листот за собирање на примерокот ќе се раствори по пет минути откако ќе дојде во допир со течност.

3. **Извршете ја големата нужда врз листот** – не грижете се ако тој потоне под површината на водата – тоа нема да влијае на проверката.

4. **Земете го стапчето за земање примерок, вовлечете го неговиот врв во изметот и повлечете го по целата должина на изметот три пати, погледнете ја сликата**
**За првиот примерок може да користите сино или црвено стапче.**

   Тоа е се што треба да сторите за да земете мало количество примерок што е потребно за проверката – ако земете преголемо количество примерок, проверката не ќе може да се изврши.



5. **Турнете го врвот на стапчето за земање примерок во отворот на шишенцето за примероци и туркајте се додека да чуете да кликне.**

   **НЕМОЈТЕ** да го вадите стапчето за земање примерок откако сте го ставиле внатре.



*Ставете го стапчето за земање примерок во малото шишенце за примероци.*



*Туркајте го стапчето во шишенцето за примероци се додека да чуете да кликне.*

**За помош околу извршувањето на проверката, ве молиме телефонирајте на 1300 738 365 (по цена на локален телефонски повик) меѓу 9 часот претпладне и 5 часот попладне по австралиско источно стандардно време, од понеделник до петок**

6. **Напишете ги вашите поединости и датумот на наведените места на налепницата, а потоа прицврстете ја налепницата на шишенцето за примероци како што е прикажано на сликата.**



*На налепницата треба да се напишат презимето, името, датумот на раѓање и датумот кога е земен примерокот.*



*Налепницата се става околу шишенцето за примероци, а НЕ околу шишенцето за пакување.*

7. **Ставете го шишенцето со примерокот во едно од големите шишенца за пакување што имаат затворач со навртка, а потоа ставете го во најлонското ќесе што се затвора со притискање. НЕМОЈТЕ** да го вадите памукот од шишенцето.

8. **Ставете го најлонското ќесе што се затвора со притискање и во кое се наоѓа примерокот во синиот плик за кој е платена поштарината, а потоа ставете го на најстуденото место во вашиот дом[1].** Фрижидерот обезбедува најпостојани услови за чување на вашиот примерок и ќе ви ги даде најточните резултати но **НЕМОЈТЕ ДА ГО ЗАМРЗНУВАТЕ.**



*Исправно земениот примерок се става во шишенцето за пакување.*

***Запомнете, вториот примерок треба да го земете колку што е можно поскоро после првиот, а по можност за временски период што нема да е подолг од 2-3 дена.*** *Ако сте биле по голема нужда повеќе од еднаш во текот на денот, може обата примерока да ги земете истиот ден.*

## Земање на вториот примерок

**Повторете ги чекорите од 1 до 7, користејќи ги второто стапче за земање примерок, второто шишенце за примероци и втората налепница.**

**Ставете го вториот примерок во најлонското ќесе што се затвора со притискање (во синиот плик за кој е платена поштарината) и чувајте го во најстудениот дел од вашиот дом се дури да го испратите по пошта.** По можност, треба да го испратите истиот ден кога ќе го земете вториот примерок.



[1] Најдобро на температура од 2 до 10 целзиусови степени.

**За помош околу извршувањето на проверката, ве молиме телефонирајте на 1300 738 365 (по цена на локален телефонски повик) меѓу 9 часот претпладне и 5 часот попладне по австралиско источно стандардно време, од понеделник до петок**

# ПРЕД ДА ГИ ИСПРАТИТЕ ПРИМЕРОЦИТЕ

1. **ПОПОЛНЕТЕ ГО, ПОТПИШЕТЕ ГО** и **ДАТИРАЈТЕ ГО** синиот **Формулар за поединости за учесникот.**

   (Забелешка: Ако ова е **комплет за замена,** ве молиме пополнете го и испратете го заедно со вашите примероци делот што се кине подолу во писмото).

2. Проверете ги следните работи:
   - ☐ дали на секое од малите шишенца за примероци сте ставиле налепница со вашето име, датум на раѓање и датум на земање на примерокот;
   - ☐ дали секое мало шишенце за примероци сте го ставиле во поголемото шишенце за пакување што има затворач со навртка;
   - ☐ дали и двете шишенца за пакување што имаат затворач со навртка **(и во кои сте ги ставиле малите шишенца за примероци)** сте ги ставиле во најлонското ќесе што се затвора со притискање;
   - ☐ дали сте го ставиле најлонското ќесе што се затвора со притискање во пликот за кој е платена поштарината;
   - ☐ дали сте го ставиле синиот **Формулар за поединости за учесникот** во пликот за кој е платена поштарината (ве молиме запомнете: Ако се работи за комплет за замена, ве молиме испратете го и делот што се кине од долниот дел на вашето писмо);
   - ☐ дали сте го запечатиле пликот за кој е платена поштарината;
   - ☐ дали сте ги пополниле поединостите под **Sender Name (име на испраќачот**) и **Sender Address (адреса на испраќачот)** на наведените места на пликот за кој е платена поштарината; и
   - ☐ дали сте ја потпишале **Изјавата (Declaration)** на **предната** страна на пликот за кој е платена поштарината.

# КАКО ДА ГИ ИСПРАТИТЕ ПРИМЕРОЦИТЕ

Испратете го синиот плик за кој е платена поштарината колку што можете поскоро (најдобро е тоа да го сторите истиот ден кога ќе го земете вториот примерок). Секогаш кога е тоа можно, предајте го пликот за кој е платена поштарината во канцеларија на Австралиската пошта (Australia Post) или пуштете го во поштенското сандаче во канцеларијата (наместо да го пуштате во поштенско сандаче надвор).

**Ве молиме осигурајте се дека вашите примероци ги чувате на колку што е можно постудено место (најдобро на температура под 30 целзиусови степени) и настрана од директна сончева светлина додека ги носите до канцеларијата на Австралиската пошта или до поштенското сандаче.**

# ЗА ПОМОШ

За помош при извршувањето на проверката, телефонирајте на Линијата за помош на FOBT на **1300 738 365** меѓу 9 часот претпладне и 5 часот попладне по австралиско источно стандардно време, од понеделник до петок.

**Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service - TIS)** може да ја добиете ако се јавите на: **13 14 50.**

Преведени упатства може да се добијат:

- од местото на интернет на Националната програма за проверка за рак на дебелото црево: www.cancerscreening.gov.au/internet/screening/publishing.nsf/Content/multilingual-information-1

или

- ако се јавите кај Службеникот за комуникација (Communications Officer) на **1300 738 365.**

Product Code No. 231418

FOBT001 Version No. 2009-10

**За помош околу извршувањето на проверката, ве молиме телефонирајте на 1300 738 365 (по цена на локален телефонски повик) меѓу 9 часот претпладне и 5 часот попладне по австралиско источно стандардно време, од понеделник до петок**